**У К А З**

Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на Народна Република Македонијаа во врска со чл. 5 т. 7 и чл. 7 од Законот за Президумот на Народното собрание на НРМ, Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НРМ го прогласува Законот за прогласување на шумските предели околу Мавровското поле за национален парк што го донесе Народното собрание на НРМ на седницата од 18 април 1949 година, а кој што гласи:

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ПРЕДЕЛИ ОКОЛУ МАВРОВСКОТО ПОЛЕ ЗА НАЦИОНАЛЕН ПАРК**

Член 1

Поради особените природни убавини, историското и научно значење на шумите и шумските предели околу Мавровското поле, дел од тие шумски предели се прогласува за национален парк под името „Национален парк Маврово“.

Границите на паркот се следните: од исток, од кота 1310 се качува по билото на местото наречено „Влаиница“ преку кота 1329, продолжува по патчето над с. Леуново и преку Сунденскиот рид излегува на кота 1983 на местото наречено „Сандактас“, врти на југ на кота 1955 продолжува по патчето до кота 1684, врти на запад по патчето до кота 1767, врти остро кон север до местото наречено „Крстови“, врти одново кон запад по Кичинскиот рид до кота 1548, слегува по сртот во долот и по долот на кота 1020, ја преминува Мавровската река и се качува на кота 1496, па се искачува на местото наречено „Врбен“ на кота 1743, па по ридот продолжува на котата 1794 врти на кота 1740 слегува на друмот Гостивар-Маврово, и продолжува по друмот кон Гостивар до кота 1310.

Површината на „Националниот парк Маврово“ изнесува 11.750 хектари.

Во границите на Националниот парк влегуваат атарите на селата: Маврово, Леуново, Никифорово, Кичиница и Врбен.

Член 2

Националниот парк „Маврово“ има своја управа, која што е непосредно подредена на Министерот за шумарство.

Член 3

Главната задача на Управата на Националниот парк Маврово се состои во грижата да се сочуваат природниот изглед на пределите, животинскиот и растителниот свет во нив, градежните и други објекти, како и сите други особености на пределите, животинскиот и растителниот свет во нив, да послужи за целите поради кои што се овие предели прогласени за национален парк.

Управата на Националниот парк Маврово му предлага на Министерот за шумарство превземање мерки за чување и унапредување на паркот.

Член 4

Министерот за шумарство ќе пропише со правилник поблиски одредби за одржувањето на Националниот парк Маврово, за искористувањето на пашата, за дрварењето, за обработувањето на зиратното земјиште, за употребата на пролазните патишта и за одржувањето на чистотата по селата во границите на паркот.

Министерот на градежите во согласност со Министерот за шумарство со посебни одредби ќе го пропише начинот на посетувањето на одделни вештачки објекти изградени во Националниот парк Маврово покрај вештачкото езеро.

Член 5

Овој закон влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

У. Бр. 11, Скопје, 19 април 1949 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Секретар,
Ристо Џунов, с. р.

Претседател,
Богоја Фотев, с. р.